Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-2425/3
18.10.2024 год.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И**

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
## ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СЕЛО ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ЗА ЗАЕДНИЧКО ДОМУВАЊЕ НА К.П. 134/4, КО Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2425/1 од 24.09.2024 год., за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 , 111/23 и 171/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СЕЛО ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ЗА ЗАЕДНИЧКО ДОМУВАЊЕ НА К.П. 134/4, КО Петровец, општина Петровец** со технички број. 50.01.09/24 од септември 2024 год. изработен од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, проектирање трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово, поднесе барање за одобрување на **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СЕЛО ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ЗА ЗАЕДНИЧКО ДОМУВАЊЕ НА К.П. 134/4, КО Петровец, општина Петровец** , со технички број 50.01.09/24 од септември 2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 09-2571/1 од 08.10.2024 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. **50.01.09/24 од септември 2024 год** може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-2425/2 од 14.10.2024 година.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И**

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**